International Journal of Sciences and Arts

# INSTITUT ZA NAUKA, UMETNOST, KULTURA I SPORT



# INTERNATIONAL JOURNAL OF SCIENCES AND ARTS

VOLUME 4

ISSN: 2671-3551

2022

# INTERNATIONAL JOURNAL OF SCIENCES AND ARTS

**Volume 4**

ISSN: 2671-3551

**Skopje, 2022**

# EDITORIAL BOARD

**Marijan Stevanovski**, PhD, Institut za nauka, umetnost, kultura i sport; Medjunaroden Slavjanski Univerzitet, N. Macedonia

**Branislav Mitrovic**, PhD, University of Belgrade, Belgrade, Serbia

**Vukoman Jokanovic**,PhD, Vinca Institute of Nuclear Sciences, University of Belgrade, Serbia

**Antonio Georgiev,** MD, MSc, PhD, PHO Cardiology – Prima, MIT University - Skopje, N. Macedonia

**Anka Trajkovska,** PhD, Faculty of Tecnology and Technical Sciences, University St. Climent Ohridski, Bitola, N. Macedonia

**Berta Gonzalvo**, PhD Mechanical Engineering, N. Macedonia

**Botju Zaharinov**, PhD, Nov Blgarski Univerzitet Sofija, Bulgaria

**Blagoja Dastevski**, PhD, Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, N. Macedonia

**Bojan Krstic**, PhD, University of Nis, Serbia

**Blagojevic Ivica**, Dipl.pish., Dneven centar za lica so posebni potrebi, Kumanovo, N. Macedonia

**Dariusz Majchrzak**, PhD, National Defence University, Warsaw, Poland

**Darko Dimovski**, PhD, University of Nis, Serbia

**Dijana Jovanoska**, PhD, PHI, Centar of Public Health, Tetovo, N. Macedonia

**Ejup Chota**, PhD, University of Tirana, Plan Protection Department, Albania

**Elmi Jusufi**, PhD, University Cyril and Mehodius, Institute of Livestock, Skopje, N. Macedonia

**Filip Stevanovski**, MMA, DMUC Sergej Mihajlov Stip, University Goce Delcev,Stip, Academy of music, Macedonia

**Gabriela Dragan**, PhD, Romanian American University, Bucharest, Romania

**Georgi Georgiev**, PhD, Centar za ocenka na riska po hranitelnitelnata veriga km Ministerstvo na zemjodelieto, hranite i gorite, Sofija, Bulgaria.

**Grucija Vico**, PhD, Poljoprivredni fakultet Sarajevo, Bosna and Hercegovina

**Herba Safeyedin**, PhD, House of Egyptian Architecture, Cairo, Egypt

**Igor Maric**, PhD, Institute of Architesture and Urban&Spatial Planning of Serbia, Belgrade, Serbia

**Ilija Nasov**, PhD, Solar, Skopje, N. Macedonia

**Jordan Merkuri**. PhD, University of Tirana, Plan Protection Department,

**Katerina Veljanovska**, PhD, MIT University Skopje, N. Macedonia

**Kristina Stevanovska Manevska**, MMS, Virtual-M, Kumanovo, N. Macedonia

**Kiril Filev**, PhD, Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, N. Macedonia

**Laith Jaafar Hussein Hnoosh**, PhD, University of Kufa, Iraq

**Lubna Anjum**, PhD, University of Agriculture, Faisalabad, Pakistan

**Magdalena Cara**, PhD, University of Tirana, Plan Protection Department, Albania

**Maja Korubin**, PhD, Adult Education Center, Ministry of Education and Science, Skopje

**Marjan Mladenovski**, PhD, Euro College Kumanovo, Macedonia

**Miglena Pejcinova,** Centar za ocenka na riska po hranitelnata veriga, Sofija, Bulgaria

**Mehdi Rahmati**, PhD, University of Mara Gheh, Mara Gheh, Iran

**Mentor Zekiri**, PhD, Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy, Phytosanitary Department, Skopje, N. Macedonia

**Mila Pucar**, PhD, Institute of Architesture and Urban&Spatial Planning of Serbia, Belgrade, Serbia

**Mira Zafirova**, PhD, University of Transport,Sofia, Bulgaria

**Mirjana Devetakovic**, PhD, University of Belgrade,Faculty of Architecture, Belgrade

**Niko Herakovic**, PhD, University of Ljubana, Faculty of Mechancal Engineering,Ljubljana, Slovenia

**Nikola Savovski,** Agencija za hrani i veterinarstvo, Skopje, N. Macedonia

**Recep Guloglu**, PhD, Istanbul Univesity, Istanbul, Turkey

**Ryszard Szpyra**, PhD, National Defence University, Warsaw, Poland

**Safak Sahir Karamehmetoglu**, PhD, Istanbul Univesity, Istanbul, Turkey

**Sami Ibrahim Mohamed Novr Gabir**, PhD, University of Gezira, Sudan

**Sasa Milijic**, PhD, Institute of Architesture and Urban&Spatial Planning of Serbia, Belgrade, Serbia

**Snezana Djordjevic**, University of Belgrade, Belgrade, Serbia

**Susana Paixão**,PhD, Polytechnic of Coimbra / Coimbra Health School, Portugal

**Svetlana Dushanich Gachic**, PhD, Banja Luka College, Bosnia and Herzegovina

# СОДРЖИНА

## ПЛЕНАРНИ ДОКЛАДИ ........................................ 19

**ОСНОВИ НА ПРИМЕНАТА НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО СОВРЕМЕНИТЕ УСЛОВИ НА ЖИВЕЕЊЕ**
*проф. д-р Маријан Стевановски* ........................................ 19

**ИКОНОМИЧЕСКАТА ИНТЕГРАЦИЯ: КЪМ ГЛОБАЛИЗАЦИЯ ИЛИ РЕГИОНАЛИЗАЦИЯ НА СВЕТОВНОТО СТОПАНСТВО?**
*доц. д-р Едуард Маринов* ........................................ 41
Economic Integration: Towards Globalization or Regionalization of World Economy?
*Assoc. Prof. Dr. Eduard Marinov* ........................................ 42

**БАЛКАНИТЕ – ПРЕДВИДИМА ИЛИ СИГУРНА ДЕСТИНАЦИЯ ЗА КУЛТУРЕН ТУРИЗЪМ**
*доц. д-р Соня Алексиева* ........................................ 60
The Balkans: A Predictable or Safe Destination for Cultural Tourism
*Assoc. Prof. Dr. Sonya Alexieva* ........................................ 60

## Тематично направление

## БИЗНЕС СТРАТЕГИИ, МЕНИДЖМЪНТ, ИНОВАЦИИ, ИЗКУСТВЕНЕН ИНТЕЛЕКТ И ПРЕДПРИЕМАЧЕСТВО – НОВИ УПРАВЛЕНСКИ ПРОБЛЕМИ, ИНТЕГРИРАНИ ПОДХОДИ, РЕШЕНИЯ И ПЕРСПЕКТИВИ

**СТЕЙКХОЛДЪРИ ПРИ ВЪВЕЖДАНЕ НА ИНТЕЛИГЕНТНО РАСТЕНИЕВЪДСТВО ОТ ГЛЕДНА ТОЧКА НА ЗЕМЕДЕЛСКОТО ПРЕДПРИЯТИЕ**
*проф. д-р Иван Боевски, гл. ас. д-р Красимир Костенаров* ........................................ 73
Stakeholders in the Implementation of Smart Plant Farming from the Agricultural Enterprise‘s Point of View
*Prof. Dr. Ivan Boevsky, Chief Assist. Prof. Dr. Krasimir Kostenarov* ........................................ 74

**ОСОБЕНОСТИ НА УПРАВЛЕНИЕТО НА СЕМЕЙНИЯ БИЗНЕС В АГРАРНИЯ СЕКТОР – РЕАЛНИ ИЗМЕРЕНИЯ И ПРОБЛЕМИ**
*проф. д-р Тодорка Атанасова-Калайджиева, проф. д-р Иван Боевски*...............................92
Features of Family Business Management in the Agricultural Sector – Real Dimensions and Problems
*Prof. Dr. Todorka Atanasova-Kalaydzhieva, Prof. Dr. Ivan Boevski*..............................93

**АНАЛИЗ НА ВЪЗМОЖНОСТИТЕ ЗА ПРИЛОЖЕНИЕ НА ДИГИТАЛНИ БИЗНЕС МОДЕЛИ В БЪЛГАРСКОТО ЗЕМЕДЕЛИЕ**
*проф. д-р Димитър Николов, гл. ас. д-р Красимир Костенаров, проф. д-р Иван Боевски*........................ 115
Analysis of the Potential for Application of Digital Business Models in Bulgarian Agriculture
*Prof. Dr. Dimitre Nikolov, Chief Assist. Prof. Dr. Krasimir Kostenarov, Prof. Dr. Ivan Boevsky* ........................ 116

**ПРИМЕНА НА ЗЕОЛИТИТЕ ВО КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ**
*проф. д-р Благица Цекова, Владо Велкоски, Филип Јовановски* ........................ 139
Application of Zeolites in Cosmetic Products
*Prof. Dr. Blagica Cekova, Vlado Velkoski, Filip Jovanovski*........................ 140

**СИНТЕЗА НА НАНОПОРЕСТ МАТЕРИЈАЛ ОД ЛЕБДЕЧКА ПЕПЕЛ ОД ТЕРМОЕЛЕКТРАНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
*проф. д-р Благица Цекова, Маргарита Матлиевска* ........................ 147
Synthesis of Nanoporest Material from Floating Ash from Thermal Power Plants in the Republic of North Macedonia
*Prof. Dr. Blagica Cekova, Margarita Matlievska* ........................ 148

**ЕКСПЕРТСКИ СИСТЕМИ КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА**
*проф. д-р Маријан Стевановски, проф. д-р Марјан Младеновски*........................ 155

**МЛАДИТЕ И СОЦИЈАЛНАТА ДИСТАНЦА КОН ЕВРЕЈСКАТА ЗАЕДНИЦА: СТУДИЈА ЗА КУМАНОВСКИОТ РЕГИОН**
*проф. д-р Марјан Младеновски, проф. д-р Маријан Стевановски*........................ 175
Young People and Social Distance towards the Jewish Community: Study about Kumanovo Region
*Prof. Dr. Marjan Mladenovski, Prof. Dr. Marijan Stevanovski* ........................ 176

**ТРАНСПОРТНИТЕ ОБЈЕКТИ КАКО ДЕЛ ОД СОВРЕМЕНАТА АРХИТЕКТУРА**
*проф. д-р. Ванѓел Дуновски*........................ 194
Transport Facilities as a Part of Modern Architecture

*Vangjel Dunovski, PhD, Full professor* ........ 195

**УПРАВЛЕНИЕ НА КОНФЛИКТИТЕ ВЪВ ВИРТУАЛНИТЕ ЕКИПИ**
*доц. д-р Кристиян Хаджиев* ........ 210
Conflict Management in Virtual Teams
*Assos. Prof. Dr. Kristian Hadjiev* ........ 210

**ПОЛИТИКАТА ЗА РЕГИОНАЛНО РАЗВИТИЕ НА БЪЛГАРИЯ В КОНТЕКСТА НА ЕВРОПЕЙСКАТА КОХЕЗИЯ**
*доц. д-р Юлияна Гълъбинова* ........ 225
Bulgaria's Regional Development Policy in the Context of European Cohesion
*Assos. Prof. Dr. Juliana Galabinova* ........ 226

**СИНТЕТИЧНА ОЦЕНКА НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТОСПОСОБНОСТ НА БЪЛГАРСКИТЕ РЕГИОНИ И МЯСТОТО ИМ В ЕВРОПЕЙСКИЯ СЪЮЗ**
*доц. д-р Едуард Маринов* ........ 252
A Synthetic Assessment of Regional Competitiveness of Bulgarian Regions and Their Place in the European Union
*Assos. Prof. Dr. Eduard Marinov* ........ 253

**ИНОВАТИВЕН ПОДХОД: ИНТЕГРИРАНЕ НА ДВА ЧУЖДИ ЕЗИКА В МАГИСТЪРСКАТА ПРОГРАМА „БИЗНЕС КОМУНИКАЦИИ"**
*доц. д-р Татяна Фед* ........ 270
Innovative Approach: Integration of Two Foreign Languages in the Master's Program „Business Communications"
*Assos. Prof. Dr. Tatiana Fed* ........ 271

**ПОСТИГАНЕ НА УСТОЙЧИВОСТ ПРЕЗ ПРИЗМАТА НА МАРКЕТИНГА И ПУБЛИЧНИТЕ ПОЛИТИКИ**
*доц. д-р Надежда Димова* ........ 277
Achieving Sustainability through the Prism of Marketing and Public Policies
*Assos. Prof. Dr. Nadezhda Dimova* ........ 277

**СЛЕДЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И НАЈЧЕСТА ТАРГЕТ ГРУПА НА ЗАСТАПЕНОСТ ЗА ПЕРИОД 2016-2020 ГОДИНА**
*асс. м-р сци. д-р Рената Младеновска, м-р фарм спец. Ирена Брчина* ........ 284

**МИКРОБИОЛОШКА (НЕ)ИСПРАВНОСТ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ СПОРЕД НАЈЧЕСТО ОТКРИЕНИ БАКТЕРИИ ЗА ПЕРИОД 2016-2020**
*асс. м-р сци. д-р Рената Младеновска, м-р фарм спец. Ирена Брчина* ........ 293

**НАССР КОНТРОЛЕН СИСТЕМ ВО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА**
*асс. м-р сци. д-р Рената Младеновска, м-р фарм спец. Ирена Брчина* ............ 300

**ИНДУСТРИСКИ ОТПАДНИ ВОДИ**
*асс. м-р сци. д-р Рената Младеновска, м-р фарм спец. Ирена Брчина* ............ 310

**ЈАВНО ЗДРАВСТВЕНИ АСПЕКТИ НА САЛМОНЕЛОЗА**
*асс. м-р сци. д-р Рената Младеновска, м-р фарм спец. Ирена Брчина* ............ 320

**КРУЦИЈАЛНИ СТРАТЕШКИ ЕЛЕМЕНТИ ВО МАРКЕТИНГ СОДЖИНА И МИС (МАРКЕТИНГ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ)**
*м-р Кристина Стевановска Маневска* ............ 330

**ЕМОЦИОНАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА**
*дипл. псих. Ивица Благојевиќ* ............ 357

**NUTRITION IN REHABILITATION OF CHILDREN WITH BAD POSTURE**
*Dr. Elizabeta Popova Ramova* ............ 369

**ВЪЗДЕЙСТВИЕ НА СОЦИАЛНИТЕ ИНОВАЦИИ ВЪРХУ МЛАДЕЖКАТА БЕЗРАБОТИЦА В БЪЛГАРИЯ**
*гл. ас. д-р Мария Александрова Иванова* ............ 376
Impact of Social Innovations on Youth Unemployment in Bulgaria
*Chief Assist. Prof. Dr. Mariya Aleksandrova Ivanova* ............ 377

**ОЦЕНКА НА АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ПАЗАРА НА ТРУДА В БЪЛГАРИЯ**
*гл. ас. д-р Мариана Димитрова* ............ 392
Labour Market Policy in the Republic of Bulgaria in Response to the Covid-19 Crisis
*Chief Assist. Prof. Dr. Mariana Dimitrova* ............ 393

**ПРАКТИЧЕСКИ ИЗМЕРЕНИЯ И ХАРАКТЕРИСТИКИ НА НОВИЯ АДЖАЙЛ ЛИДЕР**
*гл. ас. д-р Александър Пожарлиев* ............ 407
Practical Dimensions and Characteristics of the new Agile Leader
*Chief Assist. Prof. Dr. Alexander Pojarliev* ............ 408

**АНАЛИЗ НА ЦЕНОВАТА ЕЛАСТИЧНОСТ НА ПОТРЕБЛЕНИЕТО НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГИЯ И ТЕЧНИ ГОРИВА (2000 – 2012)**
*гл. ас д-р Екатерина Цветанова* ............ 432
The Price Elasticity of Electricity and Liquid Fuels in Bulgaria (2000 – 2012)
*Chief Assist. Prof. Dr. Ekatherina Tzvetanova* ............ 432

**„БЪДЕЩЕТО НА РАБОТНОТО МЯСТО“ – НОВИЯТ ХИБРИДЕН МОДЕЛ НА РАБОТА**
*ас. д-р Мария Тумбева* ........................................ 440

**ДЕФИЦИТИ НА СТРАТЕГИЧЕСКИЯ ПЛАН ЗА РАЗВИТИЕ НА ЗЕМЕДЕЛИЕТО И СЕЛСКИТЕ РАЙОНИ В РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ ЗА ПЕРИОДА 2023-2027 Г**
*ас. д-р Ваня Банкова* ........................................ 450
Deficits of the Bulgarian Cap Strategic Plan 2023-2027
*Vanya Bankova, Ph.D* ........................................ 450

## Тематично направление
## СЪВРЕМЕННИЯТ ПУБЛИЧЕН МЕНИДЖМЪНТ

**СЪВРЕМЕННИЯТ ПУБЛИЧЕН МЕНИДЖМЪНТ И ПРИЛОЖИМОСТТА МУ В ПУБЛИЧНАТА АДМИНИСТРАЦИЯ НА РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ**
*проф. д-р Николай Арабаджийски* ........................................ 459
Modern Public Management and its Applicability in the Public Administration of the Republic of Bulgaria
*Prof. Dr. Nikolai Arabadzhiyski* ........................................ 461

**ПУБЛИЧЕН БРАНДИНГ И РЕГИОНАЛНО РАЗВИТИЕ**
*доц. д-р Албена Павлова* ........................................ 476

## Тематично направление
## БАЛКАНСКИ ТУРИСТИЧЕСКИ ПРИОРИТЕТИ

**ИЗЖИВЯВАНЕТО „ВИРТУАЛЕН ТУРИЗЪМ“**
*доц. д-р Ирена Кирилова Емилова* ........................................ 485

**НАСЪРЧАВАНЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ТУРИСТИЧЕСКА ИНТЕГРАЦИЯ И ПРОМОТИРАНЕ НА РЕГИОНАЛЕН ТУРИСТИЧЕСКИ ПРОДУКТ ПРИ ПАНДЕМИЧНИ ОБСТОЯТЕЛСТВА**
*доц. д-р Милена Караилиева* ........................................ 494
Promoting Regional Tourism Integration and Regional Tourist Product under Pandemic Circumstanses
*Assos. Prof. Dr. Milena Karailieva* ........................................ 495

**ИЗПОЛЗВАНЕ НА ОБЩИ КУЛТУРНИ МОДЕЛИ В РАМКИТЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ТУРИСТИЧЕСКИ ПРИОРИТЕТИ**
*доц. д-р Теодора Ризова* ........ 503
Use of Common Cultural Models within the Balkan Tourism Priorities
*Assos. Prof. Dr. Teodora Rizova* ........ 503

**СТУДЕНТСКИ РАЗРАБОТКИ НА ТУРИСТИЧЕСКИ МАРШРУТИ ИЗ БАЛКАНИТЕ В ОБУЧЕНИЕТО ПО АНГЛИЙСКИ ЕЗИК**
*гл. ас. д-р Милка Хаджикотева* ........ 515
University Student Assignments: Balkan Tourist Itineraries in English
*Chief Assist. Prof. Dr. Milka Hadjikoteva* ........ 515

**СЪСТОЯНИЕ И РАЗВИТИЕ НА ВЪЗДУШНИЯ ТРАНСПОРТ В ЕС ПРЕЗ ПЕРИОДА 2016 – 2021 ГОДИНА**
*гл. ас. д-р Илия Гътовски* ........ 522
State and Development of Air Transport in the EU during the Period 2016 – 2021
*Chief Assist. Prof. Dr. Iliya Gatovski* ........ 522

**ТУРИЗЪМ ПО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЯ – ПРЕГЛЕД НА СЪСТОЯНИЕТО НА ТУРИСТИЧЕСКИЯ СЕКТОР ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ДВЕ ГОДИНИ**
*д-р Владимир Бойчев* ........ 534
Tourism during a Pandemic – Overview of the Situation of the Tourist Sector for the Last Two Years
*Dr. Vladimir Boychev* ........ 535

## Тематично направление
## ПРИНЦИПИ И ПОДХОДИ ПРИ ФИНАНСИРАНЕ НА РАЗВИТИЕТО

**МОБИЛНИТЕ ФИНАНСОВИ УСЛУГИ – ФИНАНСОВИ СТИМУЛИ И ВЪЗМОЖНОСТИ ЗА РАЗВИТИЕ В ДНЕШНИЯ ГЛОБАЛЕН БАНКОВ СВЯТ**
*доц. д-р Ренета Маринова Димитрова* ........ 545
Mobile Financial Services – Financial Incentives and Development Opportunities in Today‘s Global Banking World
*Assos. Prof. Dr. Reneta Dimitrova* ........ 546

**ВЪТРЕШНООБЩНОСТНА ДОСТАВКА НА СТОКИ С УЧАСТИЕТО НА КОМИСИОНЕР – СЧЕТОВОДНИ И ДАНЪЧНИ АСПЕКТИ**
*доц. д-р Станислава Панчева* ........ 553

Intra-community Supply of Goods with the Participation of a Commission Agent – Accounting and Tax Aspects
*Assos. Prof. Dr. Stanislava Pancheva* .......... 553

**МЕТОДЪТ НА РАВНОВЕСНАТА ТОЧКА – ОСНОВА ЗА ОБЕКТИВЕН АНАЛИЗ НА ФИНАНСОВИЯ РЕЗУЛТАТ НА ФИРМАТА**
*д-р Цветелина Ненкова* .......... 563
The Equilibrium Point Method – the Basic for an Objective Analysis of the Financial Result of the Company
*Dr. Tsvetelina Nenkova* .......... 563

**СЛИВАНИЯ И ПРИДОБИВАНИЯ В БАНКОВИЯ СЕКТОР В ЦЕНТРАЛНА И ИЗТОЧНА ЕВРОПА – ТЕНДЕНЦИИ И ПЕРСПЕКТИВИ**
*гл. ас. д-р Ралица Димитрова* .......... 570
Mergers and Acquisitions in the Banking Sector in Central and Eastern Europe – Trends and Prospects
*Chief Assist. Prof. Dr. Ralitsa Dimitrova*.......... 570

**ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВА ПРЕД КОНТРОЛИНГА**
*гл. ас. д-р Пламен Илиев*.......... 582
Challenges to Controlling
*Chief Assist. Prof. Dr. Plamen Iliev*.......... 583

**ЕЛЕКТРОНЕН ПАЗАР – ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВОТО НА 21-ВИ ВЕК**
*гл. ас. д-р Ваня Хаджиева* .......... 597
Electronic Market – the Challenge of the 21st Century
*Chief Assist. Prof. Dr. Vanya Hadjieva*.......... 597

**СЪЗДАВАНЕ НА СТОЙНОСТ ЧРЕЗ КРИПТОВАЛУТИ**
*гл. ас. д-р Ваня Хаджиева* .......... 606
Creating Value through Cryptocurrencies
*Chief Assist. Prof. Dr. Vanya Hadjieva*.......... 606

**ДДС ТАРИФА С ЕДНА ИЛИ ПОВЕЧЕ СТАВКИ?**
*гл. ас. д-р Емил Калчев* .......... 614
Vat Tariff with One or More Rates?
*Chief Assist. Prof. Dr. Emil Kalchev*.......... 614

**ЕТАПИ ЗА СЪЗДАВАНЕ НА ОПАКОВКАТА ПРИ БЪРЗООБОРОТНИТЕ СТОКИ**
*гл. ас. д-р Росица Накова*.......... 623
Stages for Creating Packaging for Fast Moving Goods
*Chief Assist. Prof. Dr. Rositsa Nakova*.......... 623

**ОТНОСНО НЕВРОМАРКЕТИНГА**
*Донна Астакова*........................................................................................................630
On the Neuromarketing
*Donna Astakova* ......................................................................................................630
**ГРАФИЧКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КОМПЛЕКСНИ МАТЕМАТИЧКИ КОНЦЕПТИ**
*Агим Рушити*
*Агенција за квалитет на високото образование Скопје........................................641*
**ПОВРЗАНОСТ НА КАРАКТЕРНИТЕ МОЌИ: ТИМСКА РАБОТА, ПРАВИЧНОСТ, И ВОДСТВО СО ОШТАТА САМОЕФИКАСНОСТ КАЈ СТУДЕНТИ**
*Доц. д-р Маја Корубин Ќорлука, д-р Калина Сотироска Иваноска*
*Универзитет „Кирил и Методиј“ Скопје..................................................653*

# ПОВРЗАНОСТ НА КАРАКТЕРНИТЕ МОЌИ: ТИМСКА РАБОТА, ПРАВИЧНОСТ И ВОДСТВО СО ОПШТАТА САМОЕФИКАСНОСТ КАЈ СТУДЕНТИ

Доц. д-р Маја Корубин Ќорлука, д-р Калина Сотироска Иваноска
*а. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје*
*Република Северна Македонија*
*б. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје*
*Република Северна Македонија*
*а. maja.korubin@fzf.ukim.edu.mk*
*б. kalina.sotiroska@fzf.ukim.edu.mk*

**_Апстракт_**

Карактерните моќи претставуваат клучни компоненти на карактерот кои и овозможуваат на индивидуата добро да функционира и служат за нејзино лично добро. ВИА класификацијата на карактерни моќи и доблести на Петерсон и Селигман ја сочинуваат дваесет и четири карактерни моќи сместени во шест доблести. Интересот на истражувањето е насочен кон моќите: тимска работа, правичност и водство, во рамки на доблеста – праведност. Општата самоефикасност се однесува на општото верување во сопствената способност за реагирање во рамки на широк опсег на сложени и нови ситуации. Таа подразбира дека некој може да има повеќе или помалку цврсти верувања во различни области или конкретни ситуации на функционирање. Истражувањето ја испитува поврзаноста меѓу карактените моќи: тимска работа, правичност и водство со општата самоефикасност кај студенти. Примерокот го сочинуваат 174 испитаници, кои доаѓаат од пет државни и приватни факултети во Република Северна Македонија. За мерење на варијаблите се користат инструментите: ВИА прашалник за моќите и Скала на самоефикасноста. Резултатите покажа дека со зголемување на тимската работа, правичноста и водството се зголемува општата самоефикасност кај студентите.

**_Клучни зборови:_** *општа самоефикасност, тимска работа; правичност; водство; карактерни моќи; доблести; ВИА класификација на карактерни моќи и доблести;*

## 1. Вовед

Петерсон и Селигман имаат идентификувано дваесет и четири карактерни моќи, како дел од ВИА класификацијата на карактерни моќи и доблести (VIA Classification of Character Strengths and Virtues, Peterson & Seligman, 2004), сместени во шест доблести: мудрост и знаење, смелост, хуманост, праведност, умереност и трансцедентност. Ваквите моќи се сметаат за позитивни црти кои придонесуваат за добросостојбата на индивидуата, личниот раст и развој и севкупното животно задоволство. Истражувањата покажуваат дека препознавање и практикување на ваквите моќи води до подобро ментално здравје и емоционална добросостојба, градење на квалитетни релации со другите, како и чувство на имање смисла и исполнетост во животот. Засилување и користење на овие моќи може да и помогне на индивидуата да се справи со предизвиците, да даде свој придонес во општеството и да води поавтентичен и поисполнет живот (Peterson & Seligman, 2004).

Истражувањето се фокусира на карактерните моќи: тимска работа, правичност и водство, кои се содржани во доблеста – праведност. Тимската работа се дефинира како способност за добро функционирање во и покажување на лојалност кон групата. Индивидуите со висок степен на тимска работа лесно се идентификуваат со групата во која припаѓаат, имаат висок степен на одговорност и се добри и лојални пријатели. Тие често се вклучуваат во различни општествени активности и во поголем дел од времето се идентификуваат со јавниот интерес. Развојот на оваа карактерна моќ зависи од социјалните релации кои детето ги гради и фамилијарните вредности на кои тоа е изложено уште во раните години. Карактерната моќ правичност се дефинира како процес преку кој индивидуата одредува што е морално исправно, а што погрешно. Индивидуите со висок степен на оваа моќ се однесуваат подеднакво кон сите луѓе и даваат секому подеднаква можност и шанса. Тие градат непристрасен однос кон другите луѓе, се сензитивни на ситуации поврзани со социјална неправда и покажуваат

грижа и сочувство кон другите. Развојот на оваа карактерна моќ претставува интеракција помеѓу процесот на биолошка матурација и искуството на индивидуата. Врз овој процес влијаат и родителите преку односот кој го градат со детето уште во раните фази на неговиот развој (Peterson & Seligman, 2004). Третата карактерна моќ – водство – се дефинира како способност да се организираат групните активности, охрабрување на групата за спроведување на активностите и одржување на добри човечки односи во рамки на групата. Индивидуата со висок степен често презема иницијативи и поттикнува соработка во групата или во заедницата во која живее. Ваквата индивидуа се води од сопствениот интегритет и се потпира на сопственото знаење и има способност да го инспирира и организира тимот. Но, и покрај тоа што има моќ да влијае врз другите, таа внимателно ги слуша и вклучува мислењата на другите во сопствените одлуки. Оваа моќ се развива преку комбинација на личен напор, обука и искуство. Значајно за развојот е поттикнување на одговорноста, градење на комуникациски вештини, како слушање и изразување, со цел да се разберат потребите и ставовите на другите. Истражувањата од областа на когнитивната психологија покажуваат дека гените може да влијаат на некои аспекти на личноста и карактерот, кои вклучуваат и моќи како водството. На пример, некои гени можат да влијаат на нивото на храброст, иновативност и социјални вештини, кои се важни компоненти на лидерското поведение.

Самоефикасноста претставува верување во сопствената способност за организирање и спроведување на активност насочена кон остварување на посакуваните цели (Bandura, 1997). Индивидуите со високо ниво на самоефикасност веруваат дека можат да ги реализираат задачите кои ги имаат испланирано и да се справат со ситуацијата, без разлика на пречките и предизвиците. Мадокс самоефикасноста ја дефинира како „она што верувам дека можам да го направам со сопствените способности во конкретна ситуација“ (според Rijavec, Miljkovic & Brdar, 2008). Меѓутоа, самоефикасноста не претставува само пасивно верување, туку верување кое води до преземање на конкретните чекори, вложување на напор во активностите, истрајност и отпорност на неуспесите.

Самоефикасноста го мотивира и го регулира однесувањето на индивидуата во сегашноста. Ваквите индивидуи се спремни да делуваат и почесто доживуваат успех од оние кои имаат ниска самоефикасност. Верувањето во сопствените способности има клучно значење за физичкото здравје и психолошкото прилагодување на индивидуата. Тоа се стекнува преку искуството, постигнатите успеси, како и од учењето при доживеаните неуспеси. Може да влијае на мотивацијата на индивидуата, на доживеаниот стрес и општата психолошка состојба. Луѓето со висока самоефикасност имаат поголема склоност да се ангажираат во активности кои им претставуваат предизвик, додека оние со ниско ниво ги имаат тенденција да ги избегнуваат ваквите активности.

Постои разлика помеѓу самоефикасноста и себедовербата. Втората е поширок поим од самоефикасноста и се однесува на личните верувања на индивидуата за себеси. Испитувањата покажуваат дека, во случаи кога одредена област е од големо значење за индивидуата, самоефикасноста во таа област може значајно да придонесе за зголемување на себедовербата.

Самоефикасноста не претставува црта на личноста, ниту карактерна моќ. Оваа појава не се дефинира и не се мери како моќите, туку повеќе се поврзува со верувањето на индивидуата во сопствената способност да ги координира вештините со цел да ги постигне посакуваните цели.

Повеќето автори често самоефикасноста ја посматраат како целина, поточно зборуваат за општа самоефикасност. Општата самоефикасност се однесува на општото верување во сопствената способност за реагирање во рамки на широк опсег на сложени и нови ситуации (Schwarzer & Jerusalem, 1995).

Покрај општа, постојат и други области на самоефикасност, кои се однесуваат на различни ситуации, како: социјална самоефикасност, академска самоефикасност, самоефикасноста на наставникот и технолошката самоефикасност. Социјалната самоефикасност претставува верување на индивидуата во сопствената способност за ангажирање во задачи кои вклучуваат социјална интеракција, а кои се потребни за

ницирање и одржување на интерперсоналните односи (Smith & Betz, 2000). Академската се однесува на верувањето во способноста на студентите да бидат ефикасни во учењето, да се организираат и да се справат со академските задачи. Во суштина, тоа е способноста потребна да се постигне успех во учењето и во образованието.

Хипотезата која се тестира во ова истражување е дека со зголемување на тимската работа, правичноста и водството се зголемува општата самоефикасност кај студентите.

## 2. Метод

Примерокот во ова истражување го сочинуваат 174 испитаници, студенти од Филозофскиот факултет во Скопје, Природно-математички факултет во Скопје и од Американ колеџ - Скопје. Во обработката на податоците беа земени резултатите од 162 испитаници, од причина што тестовниот материјал на 12 испитаници беше некомплетен. Изборот на факултети е направен со цел да обезбеди хетерогеност на примерокот во поглед на половата застапеност и во поглед на научните подрачја: подрачјето на општествените науки, подрачјето на хуманистичките науки и подрачјето на природно-математичките науки, согласно Класификацијата на научни подрачја, полиња и области (дисциплини) на истражување (2001). Хетерогеноста на примерокот е обезбедена и во поглед на годината на студии: прва, втора и трета година студии од наведените факултети. Со тестирањето беа опфатени сите студенти кои во моментот на тестирање ја следеа наставата.

За испитување на моќите: тимска работа, правичност и водство е користен инструментот: ВИА прашалник за моќите (VIA Signature Strengths Questionnaire, Seligman & Peterson, 2001). Во рамки на инструментот, кој мери 24 карактерни моќи, беа искористени само скалите кои ги мерат овие три варијабли. За мерење на општата самоефикасност се користеше Скала на самоефикасноста (The Self-Efficacy Scale, Sherer & al., 1982).

## 3. Резултати и дискусија

Во Табела 1 се прикажани резултатите за поврзаноста на испитуваните варијабли: тимска работа, правичност, водство и општа самоефикасност. Дадени се коефициентите на корелација за трите карактерни моќи и општата самоефикасност.

*Табела 1. Интеркорелации меѓу тимската работа, правичноста, водството и општата самоефикасност.*

| | **Општа самоефикасност** | **Тимска работа** | **Правичност** | **Водство** |
|---|---|---|---|---|
| **Општа самоефикасност** | 1,00 | 0,02 | 0,04 | 0,30** |
| **Тимска работа** | 0,03 | 1,00 | 0,59** | 0,54** |
| **Правичност** | 0,04 | 0,59** | 1,00 | 0,59** |
| **Водство** | 0,30** | 0,54** | 0,59** | 1,00 |

**p< 0,01
*p< 0,05

Резултатите во табелата покажуваат дека општата самоефикасност е единствено поврзана со карактерната моќ водство (r=0,54; p<0,01). Не е најдена статистички значајна поврзаност помеѓу самоефикасноста со тимската работа и правичноста (r=0,02 и r=0,04; p>0,05).

Ваквите резултати делумно ја потврдија хипотезата во делот каде се претпоставува дека со зголемување на карактерната моќ водство се зголемува општата самоефикасност кај студентите. Резултатите не ја потврдија хипотезата во однос на поврзаноста на останатите две моќи во рамки на доблеста праведност, односно дека со зголемување на тимската работа и правичноста се зголемува и општата самоефикасност.

Од тука произлегува дека колку повеќе сме способни да ги организираме групните активности, да ја охрабруваме групата за спроведување на активностите и во исто време да одржуваме добри човечки односи во рамки на групата, толку нашата општа самоефикасност, односно верувањето во сопствените способности, ќе се зголемува. Меѓутоа, нашата правичност, односно тенденцијата подеднакво и исправно да се однесуваме кон сите луѓе, во согласност со принципите на правичност и недискриминација, статистички значајно не влијае на општата самоефикасност. Истото важи и за моќта - тимска работа, поточно доброто функицонирање и чувството на лојалност кон групата. Зголемувањето или намалувањето на оваа моќ не придонесува на нашето верување во способностите за функционирање во рамки на широк опсег на ситуации.

Добиените резултати во Табела 1 покажуваат и дека постои статистички значајна и висока корекација помеѓу тимската работа со другите две моќи: правичност и водство, како и меѓу правичноста и водството одделно. Зголемувањето на секоја од овие моќи е проследена со зголемување на останатите две.

## 4. Заклучок

Спроведеното истражување има одредени ограничувања. Една од основните замерки се однесува на начинот на кој е избран примерокот од популацијата. Во истражувањето беа искористени резултатите на студентите кои во моментот на тестирање ја следеа наставата. Оние студенти кои од одредени причини не беа присутни за време на тестирањето, не беа опфатени во постапката.

Сепак, не би се очекувало дека резултатите на ваквите студенти би ја нарушиле репрезентативноста на примерокот, од причина што не се очекува истите драстично да се разликуваат по своите карактеристики од студентите чии резултати беа обработени. Друга замерка на ова истражување се однесува на инструментите кои се користат. Така, за мерење на карактерните моќи и општата самоефикасност се користени инструменти кои се базираат на самопроценките на испитаниците. Ризикот што се јавува при користење на вакви инструменти се однесува на нивната валидност, а поврзано со влијанието на контекстуалните фактори и стилот на одговор на испитаниците. Меѓутоа, она што поголем број на истражувања го покажуваат е дека ваквите фактори се сепак ограничени, а инструментите кои се базирани на самопроценки на испитаниците се релијабилни и валидни (Pavot & Diener, 1993; Schimmack, Bockenholt & Reisenzein, 2002; Eid & Diener, 2004; Schimmack & Oishi, 2005).

Во одредени случаи се покажало дека инструментите, кои се базираат на самопроценки на испитаниците, се со поголема точност од проценките кои ги даваат експертите кои имаат да го проценат субјективното искуство на испитаниците (Joiner, Brown, Perez, Sethuraman & Salllee, 2005).

Она што би било од интерес на некои идни истражувања е да се провери поврзаноста и на другите карактерни моќи, во рамки на Класификацијата на карактерни моќи и доблести на Петерсон и Селигман, со општата самоефикасност. Исто, потребно е да се испита која комбинација на карактерни моќи најмногу придонесува за зголемување на верувањето во сопствените способности. Секако, важно е да се испитаат и можните интервенции кои влијаат врз подигнување на нивото на овие моќи, со цел нивно користење во психолошката пракса и во секојдневниот живот. Согласно некои истражувања, врската помеѓу одредени карактерни моќи, самоефикасноста и животното задоволство е потребно да биде воспоставена што порано во развојот на детето (DeNeve & Cooper, 1998), а техниките кои се покажало дека помагаат за развој на ваквите моќи, да се интегрираат во воспитно-образовниот процес уште од најрана возраст.

## Литература


4. Belliotti, R.A. (2004). Happiness is Overrated. London: Rowman & Littlefield Publishers, Inc.
5. Bruni, L. & Porta, P.L. (2007). Handbook on the Economics of Happiness. Cheltenham, Northampton: Edward Elgar
6. Diener, E. (2009). The Science of Well-Being: Collected Works of Ed Diener. Dordrecht: Springer
7. Hogan, R., Johnson, J. & Briggs, S. (1997). Handbook of Personality Psychology. San Diego: Academic Press
8. Јанаков, Б. (2003). Современа психологија на личноста. Скопје: ЦРСП
9. Јанаков, Б. (2007). Среќа: Прирачник за усреќување и добрување. Скопје: СОФИЈА, Богданци
10. Phillips, D. (2006). Quality of Life: Concept, Policy and Practice. London: Routledge
11. Pollan, S.M. & Levine, M. (2005). It's All in Your Head: Thinking Your Way to Happiness. New York: HarperCollins Publishers
12. Popkins, N.C. (1998). The Five-Factor Model: Emergence of a Taxonomic Model for Personality Psychology
13. Rapley, M. (2003). Quality of Life Research: A Critical Introduction. London: Sage Publications
14. Rhodewalt, F. (2008). Personality and Social Behavior. New York: Psychology Press
15. Sperry, L. (2003). Handbook of Diagnosis and Treatment of DSM-IV-TR: Personality Disorders. New York: Brunner-Routledge
16. Summers, H. & Watson A. (2006). The Book of Happiness: Brilliant Ideas to Transform Your Life. Chichester: Capstone Publishing Limited
17. Vollrath, M.E. (2006). Handbook of Personality and Health. Chichester: John Wiley & Sons, Ltd.